РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4638/6
05.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од шеснаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 3.11.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори шеснаесеттата седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од петнаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2025 година.
2. Извештај од изборното медиумско претставување во првиот круг од Локалните избори 2025 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот „Вива Нет“ ДООЕЛ Берово, за прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: Пренос на податоци.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 15. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.10.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот Трајчевски го образложи Извештајот од изборното медиумско претставување во првиот круг од Локалните избори 2025 година. Објасни дека Извештајот беше спроведен во периодот од 29 септември до 17 октомври и беше реализиран со стриктно придржување до Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси во која се разработени примерокот, истражувачките техники и постапки, и сите други постулати неопходни за да се оствари вакво научно засновано комуниколошко истражување. Наведе дека при анализата на програмите, вкупно 11 на број коишто беа предмет на анализа, Агенцијата ја применуваше истражувачката техника анализа на содржина, која дава квантитативни и квалитативни податоци, а во случаите кога требаше да се направи анализа на тонот и врамувањето користеше дискурзивна анализа. За на радиодифузерите да им биде полесно да ги исполнат задачите и обврските, коишто пред нив ги има поставено Изборниот законик, Советот на Агенцијата изработи Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, во кое операционализираше дел од овие обврски и, дополнително, на дневна основа, преку дописи и соопштенија редовно ги потсетуваше на законските обврски, кои заедно со другите материјали за изборите, беа исто така постојано достапни на посебниот банер на веб-страницата на Агенцијата, „Локални избори 2025 година“. Предмет на мониторинг беа 11 национални телевизиски програмски сервиси, три од нив се на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија, МРТ1, МРТ2 и Собраниски сервис, а осум се комерцијални телевизии, и тоа ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 24 Вести, ТВ 21-М и ТВ Шења. Беа опфатени сервиси кои емитуваат на македонски и на албански јазик и кои заедно стигнуваат до најголем дел од публиката во земјата, со цел да се добие слика какви информации за изборниот процес добива таа. За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки. Основната обврска на радиодифузерите беше да известуваат за изборниот процес на начин којшто е правичен, избалансиран и непристрасен, согласно член 75 став 1 и 75-а став 1, точка в од Изборниот законик, и за да се постигне тоа, радиодифузерите требаше да ги почитуваат принципите на еднаквост и пропорционалност, што всушност значи дека балансот квантитативно се обезбедува така што се почитува принципот на еднаквост, приближно еднакво време за кандидатите, а за изборот на членови на советите принципот на пропорционалност, приближно еднакво време за учесниците во изборната кампања со ист број потврдени кандидатски листи и со ист интензитет на кампањата. Квалитативно балансот се постигнува со истоветен приод при известувањето, односно тон и врамување. Македонската радио-телевизија има и дополнителна обврска, утврдена со Изборниот законик, според која времето за известување во централното издание на ТВ Дневникот процентуално треба да го подели на следниов начин: 30 % од времето за дневните настани од земјата и светот, 30 % за активностите на политичките партии на власт, 30 % за политичките партии во опозиција, 10 % за активностите кои се надвор од

парламентарните политички партии и за независните кандидати. Исто така, радиодифузерите имаа обврска начинот на известување да го приспособат на лицата со сетилна попреченост, согласно Изборниот законик. Исто така, Агенцијата спроведе и мониторинг за почитување на изборниот молк и во првиот и во вториот изборен круг, и при тоа, за време на првиот изборен круг беа констатирани 4 прекршувања кај 4 радиодифузери, за коишто Советот покрена прекршочна постапка, за 2 радиодифузери постапката е завршена со осудителна пресуда, за другите 2 радиодифузери постапката е во Апелациониот суд во Скопје. Понатаму објасни дека се покажа дека со зголемување на бројот на кандидати во секој изборен процес станува сè потешко, дури и невозможно, целосно да се исполнат принципите, зашто времето во вестите е ограничено, како и техничките и кадровските можности, односно капацитетите на телевизиите се лимитирани па дури и најголемите телевизиски куќи не се толку големи за да можат да ги покријат активностите на сите кандидати коишто беа вклучени во изборната кампања. За Локалните избори 2025 година имаше дури 153 учесници во изборите со потврдени кандидатски листи, од коишто 9 беа парламентарни партии, 24 вонпарламентарни партии и 120 независни кандидати. Во Извештајот се наведени сите учесници во изборниот процес. Известувањето во дневноинформативните емисии, жанровски реализирано низ вести (во низа) и извештаи, се одвиваше повеќе по инерција од севкупниот изборен општествено-политички амбиент и условено пред сè од огромниот број кандидати за градоначалници и за советници во постојните 81 локална самоуправна единица (80 општини и Градот Скопје). Со други зборови, дури и информативните редакции на националните телевизии да го ангажираа сиот свој технички и кадровски потенцијал не ќе можеа идеално, правично, избалансирано и непристрасно да го распределат информативното време што новинарски и уредувачки го осмислуваат и го продуцираат во ТВ-дневниците, за да ги исполнат барањата од Изборниот законик. Ефективно, едно издание на централна дневноинформативна емисија просечно траеше од 30 до 40 минути, а од таа минутажа, пак, наменски направената, т.н. „изборна хроника", беше куса и исполнета главно со куси изјави/поенти на учесниците во изборниот процес. Оттаму, како веќе востановена, вообичаена ТВ-форма, „изборната хроника" е нужно еднолична и повторлива, па повеќе создава автоматизиран, формален, стереотипен приказ на изборно ТВ-табло, отколку што нуди содржински јасна претстава за реална, разновидна изборна понуда, како основа за релевантна, информирана проценка на гледачот како потенцијален гласач. Соочени со ваквата ситуација, редакциите на 11-те телевизиски програмски сервиси, што беа предмет на надзор, генерално заземаа две уреднички позиции во поглед на изборното медиумско претставување во дневниците/вестите: Едни вложија значаен напор да обезбедат информации за што повеќе учесници во изборната кампања, вклучувајќи и што поголем број вонпарламентарни партии и независни кандидати, при што, очекувано, претегнуваше времето за политичките субјекти кои имаа и најмногу потврдени кандидатски листи и најинтензивна кампања. Во оваа група влегуваат МРТ1 (со информации за кандидатите на сите 9 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 21 групи избирачи) и МРТ2 (со информации за кандидатите на сите 9 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 23 групи избирачи) од Јавниот радиодифузен сервис. Од комерцијалните медиуми најголем опфат на учесници во изборите обезбеди ТВ Алфа (7 парламентарни партии, 7 вонпарламентарни партии и 20 групи избирачи). Потоа Канал 5 (со информации за 7 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 8 групи избирачи) и Телма (со информации за 7 парламентарни партии, за 5 вонпарламентарни партии и 7 групи

избирачи). Другите анализирани телевизии се фокусираа на кампањата на парламентарните партии со малку информации за вонпарламентарните партии и за независните кандидати. Без оглед за која уредничка политика се одлучија, информативните редакции квантитативно не можеа целосно да ја исполнат обврската за избалансирано покривање на изборниот процес врз основа на принципите на еднаквост и пропорционалност во дневноинформативните емисии. Разликата е во тоа што првите, кои обезбедија информации за поголем број учесници во изборната кампања, беа поблиски до исполнување на суштината на овие принципи – да им се обезбедат на граѓаните што повеќе податоци врз кои ќе ја засноваат својата одлука на денот на гласањето. Вторите, пак, го одразија политичкото статус кво на чувство на сеприсутност на „големите играчи“, која настојуваат да ја разбуричкаат само неколку, условно кажано „помали играчи“. За темата избори најмногу време во вестите одвоија ТВ Алсат-М, речиси 8 часа, ТВ Сител речиси 7 часа и ТВ Алфа 4:49:24 часа. Сите анализирани медиуми генерално известуваа неутрално за учесниците во изборите, освен ТВ Алфа, која на почетокот известуваше позитивни информациите за ВМРО, а негативни за коалициите предводени од СДСМ и од ДУИ, но со објавувањето на Извештајот што го донесе Советот на Агенцијата за мониторингот пред почетокот на кампањата, го прилагоди своето емитување на дневноинформативните емисии согласно Изборниот законик. Кога се гледа Извештајот во целина, медиумите генерално го почитуваа Изборниот законик и не се предлага покренување прекршочна постапка против ниту еден од наведените телевизиски и програмски сервиси.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски изјави дека Извештајот е темелно подготвен и јасен. Тој истакна дека му е сѐ разбирливо и упати благодарност до медиумите, особено до оние кои во дневноинформативните емисии известуваа во согласност со законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Извештајот од изборното медиумско претставување во првиот круг од Локалните избори 2025 година, бр.10-4639/1 од 31.10.2025 година.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска-Довлева го образложи предлогот за изрекување мерка – јавна опомена на операторот „Вива Нет“ ДООЕЛ Берово, поради прекршување на член 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Таа појасни дека операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се должни континуирано да го испорачуваат сигналот што го доставуваат до крајните корисници и до локацијата за прибирање сигнали – посебна точка од која сигналот понатаму се дистрибуира до Агенцијата. Со извршениот надзор било констатирано дека операторот „Вива Нет“ од Берово не ја исполнува оваа законска обврска, односно не го доставува сигналот до Агенцијата, поради што се предлага да му се изрече мерка јавна опомена.

Директорот Трајчевски дополни дека операторот треба да го отстрани прекршувањето на Законот во рок од 30 дена. По истекот на тој рок, Агенцијата ќе спроведе контролен надзор за да утврди дали сигналот се доставува до Агенцијата, односно дали операторот се усогласил со законските одредби. Доколку не биде сторено тоа, Советот ќе покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршениот вонреден програмски надзор бр. 11-4429/1 од 17.10.2025 година и едногласно заклучи на ТРД – оператор на кабелска мрежа „Вива Нет" ДООЕЛ Берово да му изрече мерка јавна опомена поради прекршување на член 144 став 3 од ЗААВМУ. Во согласност со точка 9 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.1-4241/1 од 1.10.2025 година, му наложи во рок од 30 дена од приемот на Решението да го усогласи своето работење со законските одредби.

Со надзор беше утврдено дека операторот на јавната електронска комуникациска мрежа „Вива Нет" ДООЕЛ Берово, кој согласно нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општините Берово и Пехчево, не го испорачува континуирано сигналот со содржина како онаа што им е достапна на неговите претплатници до локациите за прибирање сигнали на регионално ниво, заради негова понатамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје, со што е прекршен член 144 став 3 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: Пренос на податоци. Таа појасни дека Агенцијата има закупено простор за колокација на сопствена опрема на осум локации на територијата на Република Северна Македонија – Велес, Куманово, Штип, Струмица, Битола, Охрид, Дебар и Тетово – кои, заедно со централната локација во Скопје, треба да бидат поврзани во единствена корпоративна податочна мрежа. Поради тоа, постои потреба од обезбедување интегрирано и безбедно корпоративно податочно поврзување на овие локации преку соодветна територијална инфраструктура. Во таа насока, потребно е да се спроведе постапка за јавна набавка на услугата „Пренос на податоци", која е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, со обезбедени средства во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а ќе бидат дополнети и во Финансискиот план за 2026 година, бидејќи договорот што ќе произлезе од оваа постапка ќе се однесува на период од две години. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки. Истата ќе почне со објавување оглас во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и во „Службен весник на Република Северна Македонија". Митревска додаде дека сите дополнителни податоци за оваа постапка се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот за оваа седница.

Советничката Афрона Врзиволи посочи дека во материјалите по оваа точка е наведено дека постапката за јавна набавка ќе се спроведе без електронска аукција, и побара подетално објаснување за тоа.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска појасни дека постапката ќе се спроведе без електронска аукција бидејќи Законот за јавните набавки го дозволува тоа, а Бирото за јавни набавки препорачува најмалку 40 % од постапките во текот на годината да бидат реализирани без користење електронска аукција. Таа дополнително информира дека, почнувајќи од 2026 година, сите постапки ќе се спроведуваат без електронска аукција.

На дополнителното прашање на советничката Врзиволи за тоа како ќе пристигнуваат понудите во рамки на постапката, Митревска објасни дека целиот процес ќе се одвива преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), при што избраната понуда ќе биде конечна, без можност за дополнителни намалувања на понудената цена.

Директорот Трајчевски објасни дека Агенцијата добила опомена од Бирото за јавни набавки, бидејќи имала спроведено поголем број електронски аукции и го надминала дозволениот процент од 40 %. Поради тоа, до крајот на годината,сите постапки ќе треба да се спроведуваат без електронска аукција, со цел да се постигне пропишаниот сооднос согласно препораките на Бирото. Тој додаде дека ваквата одредба е делумно нелогична, но дека таква е законската регулатива и Агенцијата мора да постапува во согласност со неа.

Раководителката Митревска дополнително појасни дека, според анализата направена од Бирото за јавни набавки, се покажало дека понудите се поприфатливи и поекономични кога постапките се спроведуваат без електронска аукција. При спроведување аукции, економските оператори често ги зголемувале почетните цени, очекувајќи подоцна да ги намалат во текот на аукцијата. Затоа, како што истакна таа, овие две јавни набавки, како и сите следни до крајот на годината, ќе се реализираат без електронска аукција.

Советникот Петар Џуровски се надоврза со прашање во врска со начинот на избор на понудите, потенцирајќи дека е важно да се направи разлика меѓу квантитативен и квалитативен избор, односно дека јавната набавка треба да се базира на квалитативни критериуми, а не исклучиво на ценовни (квантитативни) параметри.

Директорот Трајчевски објасни дека оваа јавна набавка е од суштинско значење, бидејќи овозможува изработка на извештаите, како што е и извештајот што беше предмет на разгледување, како и извештаите од мониторингот. Тој нагласи дека без обезбеден пренос на податоци од осумте локации во државата, Агенцијата нема да може да ги прима сигналите од телевизиите од внатрешноста на земјата, што би го оневозможило следењето на програмите од централната локација во Скопје. Директорот информира дека опремата на Агенцијата е сместена во рамките на Македонски Телеком, каде што се плаќа надоместок за колокација. Тој истакна дека за успешен мониторинг потребна е квалитетна снимка, а не само евтина услуга, бидејќи неквалитетен пренос би оневозможил спроведување на надзорот врз програмските сервиси. Дополнително посочи дека услугата „Пренос на податоци“ ја обезбедуваат мал број компании, но дека Агенцијата досега имала позитивно искуство со операторите кои ја извршувале оваа услуга. Трајчевски нагласи дека неговото лично мислење не е во целосна согласност со ставот на Бирото за јавни набавки, бидејќи Агенцијата, преку

користење електронска аукција досега успевала да постигне значителни намалувања на цените и годишни заштеди. Сепак, имајќи предвид дека така е предвидено со Законот за јавни набавки, Агенцијата ќе мора да се придржува до пропишаните правила и во иднина ќе ги спроведува постапките без електронска аукција.

Советничката Афрона Врзиволи постави прашање дали може да конкурира и физичко лице, бидејќи така прочитала во материјалите доставени по точката, односно лице кое поседува соодветни сертификати.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска одговори дека тоа е точно, но нагласи дека лицето мора да исполни одредените услови кои се детално наведени во барањето за започнување на постапката, како и во барањето за доделување на договорот, каде што се дефинирани критериумите и техничките барања.

Директорот Трајчевски дополнително објасни дека во минатото услугата за пренос на сигнал ја извршувале компании како А1 и Македонски Телеком, но дека во една од претходните години била избрана фирма која се покажала проблематична и неспособна да ја обезбеди услугата на потребното ниво, поради што Агенцијата била принудена да покрене судска постапка, а потоа фирмата се откажала од договорот. Тој посочи дека само поголемите телекомуникациски компании имаат реален капацитет да ја обезбедат оваа услуга, но дека Агенцијата, согласно Законот за јавни набавки, не може директно да го наведе тоа во тендерската документација, туку мора да постави објективни технички услови кои индиректно ги ограничуваат понудувачите според нивните реални можности.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: Пренос на податоци.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот пренос на податоци е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-3061/1 од 21.7.2025 година (Пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата. Таа појасни дека Агенцијата поседува пет службени возила, кои се користат за задоволување на службените потреби. Исто така, во седиштето на Агенцијата е сместен и инсталиран агрегат кој обезбедува напојување на електричната енергија на објектот во случај на прекин од редовната мрежа. Поради ова, се наметнала потребата да се спроведе постапка за јавна набавка на моторен бензин и дизел гориво за потребите на Агенцијата. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, што е основен предуслов за спроведување на постапката. Според Законот за јавни набавки, средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а

делумно ќе се дообезбедат во Финансискиот план за 2026 година, бидејќи договорот кој ќе произлезе од оваа постапка, слично како и кај претходната, ќе важи за период од две години. Според проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка, во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка. Постапката ќе почне со објавување оглас во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Митревска додаде дека сите дополнителни податоци за постапката се содржани во материјалите доставени за оваа седница.

Советникот Петар Џуровски побара подетално објаснување за службените возила на Агенцијата.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска појасни дека возилата се сместени во Агенцијата и се користат од страна на возачите, кои тоа го имаат како работна задача, како и од други овластени вработени лица во Агенцијата. Таа нагласи дека за секое користење се води соодветна евиденција и се пополнува патен налог.

Советникот Џуровски дополнително праша дали претседателот на Советот може да користи службено возило за службени потреби и ангажмани.

Митревска одговори дека тоа е возможно и дека сите членови на Советот кои имаат потреба, исто така, можат да користат службени возила.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот горива за потребите на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-3061/1 од 21.7.2025 година (пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**